**Совет на Општина Делчево**
**Број 09-161/2**
**29.01.2025**

**ЗАПИСНИК**
**од одржаната 43 Седница на Советот на Општина Делчево**

Седницата се одржа на 29.01.2025 г. во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ со почеток во 9,00ч.
На Седницата присуствуваа 15 членови на Советот.
Отсутни нема.
Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Советот, Гоце Попов кој за 43 Седница на Советот на Општина Делчево го предложи следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

-Усвојување на Записникот од 42. Седница одржана на 26.12.2024 и Записникот од продолжението на Седницата одржана на 30.12.2024г.

1. **Предлог- програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево за 2025 г.**

образлагач: Игор Жежовски, советник-координатор за еднакви можности

2. **Предлог-програма за култура на Општина Делчево за 2025 г.**
   -образлагач: Ванчо Новоселски, советник за образование

3. **Предлог**- **програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2025** г.

-образлагач: Ѕвонко Атанасов, раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообреаќај и ЛЕР.

4. **Предлог- годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2025 година;**

-образлагач: Звонко Атанасов, раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР.

5. **Предлог- годишна програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025**

-образлагач: Горан Петровски, советник за урбанизам и енергетска ефикасност

6**. Одлука за усвојување на Елаборат за определување граници за заштитни зони на извориште – зафат на вода од акумулацијата „Лошана“, за водоснабдување на Делчево,**

**7.Одлука за усвојување на Елаборат за определување граници на заштитни зони на бунарите во Делчево и с.Тработивиште за водоснабдување во Општина Делчево.**

Образлагач по точките 6 и 7: Татјана Стојковска, виш соработник за заштита на животната средина и комуналната инфраструктура.

8**. Предлог-одлука за отпис на движни ствари сопственост на Општина Делчево**

- образлагач: Влатко Ангелевски, соработник за имот

**9. Предлог- одлука за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на Општина Делчево за 2025 г**

-образлагач: Ана Ситновска- Димитровска, раководител на Одделение за буџет, администрирање на даноци и сметководство;

**10. Извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден" Делчево за 2024 г. со Заклучок за усвојување;**

**11. Предлог- годишна програма за работа на ЈЛБ „Илинден";**

-образлагач по точките 10 и 11: Билјана Петровска, директор на ЈЛБ „Илинден"

**12. Предлог-одлука за давање согласност на Ценовникот за користење на спортската сала во СОУ „М.М.Брицо" Делчево;**

-образлагач: Дијана Цонева, директор на СОУ „М.М.Брицо"

**13.Предлог-одлука за давање согласност на Правилникот за користење на спортската сала во ООУ „Ванчо Прке" Делчево;**

**14. Мислење за Програмата за изведување еднодневна екскурзија низ Р.С.Македонија за учениците од III во ООУ „Ванчо Прке" Делчево за учебната 2024/2025 година;**

**15. Мислење за Програмата за изведување дводневна екскурзија низ Р.С. Македонија за учениците од VI одделение во ООУ „Ванчо Прке" Делчево за учебната 2024/2025 г.;**

**16 Мислење за Програмата за изведување тродневна екскурзија низ Р.С. Македонија за учениците од IX одделение во ООУ „Ванчо Прке" Делчево за учебната 2024/2025 г.;**

- образлагач по точките 13, 14, 15 и 16: Горан Велков, директор на ООУ „Ванчо Прке" Делчево.

**17.Мислење за Програмата за реализација на еднодневна научна екскурзија за ученици од III одделение во ООУ Св.Климент Охридски" Делчево за учебната 2024/2025 г.;**

**18. Мислење за Програмата за реализација на дводневна училишна екскурзија за учениците во VI одделение во ООУ „Св.Климент Охридски" Делчево за учебната 2024/2025 г;**

**19. Мислење за Програмата за реализација на тридневна училишна екскурзија за учениците во IX одделение во ООУ „Св.Климент Охридски" Делчево за учебната 2024/2025 г.;**

**20. Полугодишен извештај за учебната 2024/2025 на ООУ „Св.Климент Охридски" Делчевосо Заклучок за усвојување;**

-образлагач по точките 17,18 , 19 и 20: Горан Димитровски, директор на ООУ „Св.Климент Охридски" Делчево

**21. Предлог-годишна програма за млади за 2025 на Општина Делчево;**

**22. Предлог- одлука за отстапување простор за формирање Младински центар во Општина Делчево ;**

- образлагач по точките 14 и 15: Милена Багевска, службеник за млади во Општина Делчево.

**23. Предлог-одлука за финансиска помош по Барање бр. 21- 96/1 од 15.01.2025;**

**24. Предлог-одлука за финансиска помош по Барање бр. 21-55/1 од 10.01.2025;**

**25. Предлог-одлука за одобрување финансиски средства по Барање, бр. 21-152/1 од 21.01.2025;**

**26. Предлог-одлука за одобрување финансиски средства по Барање бр.21-154/1 од 21.01.2025 г;**

**27. Разгледување на Барање од Месна заедница с. Селник, бр.09-1938 од 11.12.2024;**

- образлагач по точките 23,24,25, 26 и 27: Гоце Попов, претседател на Советот на О. Делчево.

Претседателот на Советот предложи да се стави 28 точка на Дневниот ред -Прашања и предлози и отвори расправа по предложениот Дневен ред.

Советникот Иван Гоцевски имаше процедурални забелешки. Тој ги цитираше член 46 од Статутот на Општина Делчево во којшто стои дека градоначалникот определува кој од членовите на Советот ќе го заменува во случаи на спреченост или отсуство, и дека градоначалникот е должен со решение да го определи членот од Советот кој ќе го заменува, а решението согласно со став 5 од овој член се објавува во Службен гласник на Општина Делчево. За денот на настанување на спреченоста или отсуството, градоначалникот го информира претседателот на Советот. Исто така, на членот на Советот му мирува функцијата советник за времето кога го заменува градоначалникот. Моето прашање е дали градоначалникот кој во моментов е во странство, на екскурзија во Австрија, има поднесено до Вас претседателе барање?

Гоце Попов рече дека нема поднесено писмено барање до него и до Советот и потенцираше дека до него нема доставено никаква информација.

Советникот Гоцевски продолжи со процедуралната забелешка и истакна дека како членови на Советот се знае дека во претходниот Совет беше назначена советничката Јасмина Ќурчиска за заменик-градоначалник, дали сега градоначалникот има назначено советник и кој ќе го заменува во отсуство, праша Гоцевски?

Претседателот Попов во однос на процедуралните забелешки рече дека ќе се напише официјален допис до градоначалникот, а бидејќи на Дневен ред се многу точки, предлага на Советот да се одржи Седницата.

Иван Гоцевски, истакна и дека Советот имаме нов службеник за подготовка на седниците на Советот. Јас не се сомневам во нејзината работа, но бидејќи е прва седница на Советот, потребно е на седници на Советот да бидат присутни и претставници од правната служба кој ќе помага на новиот советник за подготовка на седниците, но и на другите советници, предложи Гоцевски.

Гоце Попов нагласи дека предлогот е на место. И потврди декана Седницата е присутна раководителката на Одделението за правни работи, но ако има потреба ќе се достави и на писмено до секретарот на Општината.

Гоце Попов постави прашање дали друг бара збор за предложениот Дневен ред.

Советникот Сашко Ивановски согласно со доставениот Дневен ред имам предлог да се тргнат 2 точки. Точката 20 –Полугодишен извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски“ за 2024/25 година, бидејќи Советот нема обврска да носи ваков документ, односно училиштето

нема обврска да доставува Извештај до Советот. Таа практика беше во некое друго време, реагиравме и претходно, а сега е повторно ставена на Советот- Полугодишениот извештај за работа на училиштето. Исто така, точката 5, Предлог-годишна програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 г. Ставот на нашата советничка група е дека немаме добиено извештај за реализирани проекти од претходна година, нема оперативен план, ниту извори на финансирање, дали има технички проект и продолжува практиката само таксативно набројување што ќе се работи без притоа да има од каде ќе се финансираат и не знаеме што е реализирано од претходната година за да знаеме ние како советници и да можеме да се вклучиме во расправата за Програмата и да дадеме свој придонес. Сашко Ивановски посочи дека таа забелешка се однесува на програмите со точка бр. 4 и бр 5.

Претседателот Попов истакна дека забелешката повеќе се однесува на точка под бр 4, додека Програмата за урбанистички планови се однесува на урбанистичките планови. Тие што се почнати урбанистички планови се префрлаат и во наредната година, тие се водат и по 2 до 3 години и мора да се префрлат во следна година. Таа е отворена точка да се дополни кога било. Кога достави некој граѓанин до Советот иницијатива за да почне урбанистички план или Општината одлучи да прави урбанистички план, го даваат кај нас и ние повторно направиме измена на годишната програма. Во неа не треба да стојат финансии колку би чинел еден ДУП, затоа што граѓаните кога почнале урбанистички план, тие потпишуваат изјава на нотар дека сами го финансираат, а кога Општината прави постапка за ДУП има определени средства во Буџетот. Во точка 5 немаме ништо спорно, а во точка 4, би требало да имаме извештај за реализација за претходната година, за да знаеме што останува нереализирано и да се префрли во наредната година и да знаеме колку должини патишта се изградени. Јас сметам дека треба да останат овие точки, образлагачите се тука, нека се произнесат и ќе објаснат. Тука е и раководителот на Секторот и Горан. Ако сакате вашиот предлог, ќе биде ставен на гласање. Значи имаме два предлога, првиот се однесува на точката 20, сметам дека нема штета ако се слушне нешто повеќе за училиштето, значи да го ставиме на гласање.

За збор се јави советникот Иван Гоцевски предлагам на Советот точката 4, Предлог-годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Делчево за 2025 година, да се тргне, бидејќи таа е неконкретна, неквалитетна, бесцелна и мора да се разгледа дополнително од Комисијата за урбанизам за да се направат измени. Исто така, во Програмата не се вклучени идеите кои произлегоа од Буџетскиот форум, каде беа доста граѓани, трошеле дел од своето време, давале предлози и приоритети кои треба да се реализираат и тие не се вклучени во таа Предлог-програма, а ние како советници за жал, не бевме поканети да учествуваме на Форумот, посочи Гоцевски и заклучи дека треба таа точка да се повлече и за наредна Седница и да се доработи оваа Предлог-програма.

Претстедателот Попов, рече дека и овој предлог ќе биде ставен на гласање и повторно запраша дали друг бара збор.

Бидејќи никој не побара збор и пред да се стават предлозите на гласање, претседателот Попов даде кратка пауза за координација со советничките групи.

По паузата од 10 минути, Попов ја продолжи Седницата и истакна ддека треба да се стави член кој ќе го обврзе Секторот за урбанизам да достават потребни информации за Советот. Точката останува на Дневен ред и нема потреба да се дава предлогот на гласање.

За точка број 20, советникот Сашко Ивановски се изјасни дека нема потреба да се става предлогот на гласање.

Бидејќи никој друг не побара збор во врска со Дневниот ред, претседателот Попов, го стави предложениот Дневен ред на гласање.

Дневниот ред беше усвоен едногласно, со 15 гласови ЗА.

Потоа се премина на усвојување на Записникот од 42 Седница одржана на 26. 12.2024 и продолжението на Седницата од 30.12.2024 г.

Претседателот отвори расправа по Записникот.

Иван Гоцевски се јави за збор и посочи дел од Програмата во точка 15 за извршување градежни работи за 2025 г. и побара од образлагачот да одговори на некои прашања дали градоначалникот е надлежен за спроведување на програмата, дали објектот што се гради на Голак се гради согласно со Законот за градење, дали има одобрение, дали има проект, дали е во согласност со ДУП и постави прашање на претседателот дали добил писмен одговор на вашето прашање.

Гоце Попов, рече дека нема добиено одговор, а усно е известен од образлагачот дека нема да добие одговор, дали е знак за непочитување кон претседателот на Советот, дали нешто се крие, останува да видиме, меѓутоа предлагам некој од вас советниците, вклучувајќи ме и мене, писмено да побараме одговор или како информација од јавен карактер, за да ја откриеме таа енигма за објектот на Голак, дали е диваградба, дали Општината градела на диво или е градена согласно со Законот за градење, како што ги тера да градат сите граѓани на Делчево.

Иван Гоцевски истакна дека имаат став како советничка група од ВМРО ДПМНЕ и бараме и од Вас, како претседател на Советот, во иднина наместо кон градоначалникот да се обраќаме кон лицето Горан Трајковски.

Советникот Кире Тренчевски посочи дека тема е Записникот и дали советниците имаат забелешки по Записникот, а имаме и прашања и предлози и мислам дека овие работи треба да се остават за крајот како прашања и предлози.

Претседателот Попов, повторно постави прашање, дали некој бара забор во врска со Записникот. Бидејќи никој не побара збор, Записникот од 42 Седница го стави на гласање.

Записникот од 42 Седница и Записникот од продолжението на Седницата беа усвоени едногласно, со 15 гласа ЗА.

**Прва точка: Предлог-годишна програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево за 2025 г.**

Образлагач по оваа точка беше Игор Жежовски, советник за еднакви можности на жените и мажите. Тој истакна дека овој документ е изработен врз основа на Стратегијата и акцискиот план за родова еднаквост 2023/26 г. Програмата ги вклучува потребите и проблемите поврзани со родовата нееднаквост во Општината, како и предлозите на засегнатите страни за превенција и нивно надминување. Таа претставува корисна алатка која е во насока за надминување на проблемите со родовата еднаквост, подигање на јавната свест и надградба на демократските процеси со нула толеранција за дискирминација врз основа на род. Реализацијата на Програмата ќе придонесе кон инклузија во општествените текови и еднакви можности на сите граѓани, што дополнително поволно ќе влијае и на подобрување на квалитетот на животот на граѓаните од регионот во целост.

Документот содржи 5 ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

1. Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областите а) политика, б) родово базирано насилство и в) економија;
2. Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики;
3. Едукација и јакнење на капацитетите за родова еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население;
4. Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза.
5. Здравство

Во Програмата, освен приоритетите се дефинирани и мерките и активностите кои се планираат за оваа 2025 г. Има и табеларен приказ со индикатори и финансиска конструкција за нивна реализација што сметаме дека се добра појдовна основа и за партиципативно учество на граѓански здруженија за реализација на дел од овие предвидени мерки и активности.

Тој потенцираше дека во однос на **вклучување на родовите перспективи во главните текови и интегрирање на родовата перспектива** во секоја од програмите на Општината (согласно член 4 став 1 точка 10 од Законот за еднакви можности на жените и мажите), Општина Делчево за 2025 подгови 10 програми кои се родово сензитивни и тоа:

1. Програма за еднакви можности
2. Програма за комуникација со јавност и промоција на Општина Делчево
3. Програма за работа на ОСБСП за 2025
4. Програма за образование на Општина Делчево
5. Програма за култура на Општина Делчево
6. Програма за спорт на Општина Делчево за 2025
7. Програма за соработка со граѓански сектор
8. Програма за социјална заштита
9. Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево
10. Програма за уредување градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево

За реализацијата на целта-родово одговорна општина, Општина Делчево соработува веќе 4 години со UN WOMEN со чија поддршка и реализираните обуки за надградба на капацитетите, Општина Делчево бележи резултати и успешно го имплементира родовиот аспект во своето работење. Одлична соработка имаме и со Организацијата ЖЕНА Делчево од каде очекувам партнерство за остварување на целите на Програмата: промовирање на принципите за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор, заклучи Жежовски.

По образложениeто, претседателот Попов, отвори на расправа.

За збор се јави Сашко Ивановски кој посочи дека програмата нема месечно-оперативни планови.

Оливера Ташевска како член на КЕМ даде сугестија во иднина да бидат советниците поприсутни на настани и во иднина да имаме побогата Порграма.

Од како никој друг не се јави за збор, Претседателот ја затвори расправата и ја стави Предлог-програмата на гласање.

Програмата за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево за 2025 година беше усвоена од Советот на Општина Делчево едногласно со 15 гласови ЗА**.**

**Точка број два: Предлог-програма за култура на Општина Делчево**

Образлагач по оваа точка беше Ванчо Новоселски, советник за образование. Тој истакна дека предмет на оваа Програма се настаните и активностите кои ќе се преземаат од Општина Делчево на полето култура во текот на 2025 година. Програмата претставува рамка по која ќе се движат настаните и таа може да се надополнува. Реализацијата ќе биде во соработка со НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“, ЈЛБ „Илинден“, здруженија на граѓани од областа на културата, Министерство за култура и донатори. Целта на Програмата е да се обезбеди активен однос на Општина Делчево кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата и приближување на културата до сите жени, мажи, девојчиња и момчиња од Општина Делчево, а настаните и манифестациите од областа на културата се во функција на туристичка понуда од регионот.; Општина Делчево им овозможува на фолклорните друштва бесплатно да ја користат салата и фоајето АСНОМ за редовни проби и за настани кои се во нивна организација. Општина Делчево со оваа Програма ќе поддржи манифестации и проекти кои се во функција на развој, промоција и афирмација на културата во општината, поделени во 5 категории чиј содржински концепт е во следниве дејности и области: музичка и музичко – сценска дејност; манифестации и фестивали од областа на културата; ликовна уметност; визуелни уметности; видео, фото, филмска уметност; интердисциплинарни проекти; литература; фолклор; музејска дејност. Новоселски нагласи дека Програмата содржи акциски план и календар на настани и таа за прва пат е родовосензитивна програма со соодветни индикатори и предвидена евалуација на Програмата.

Претседателот на Советот, Попов, отвори расправа по втората точка.

За збор се јави советникот Иван Гоцевски кој рече дека Програмата е скоро иста со таа од лани. Во делот на реализација во месец април, коригирана е забелешката од поранешниот советник Зекир Абдулов, за 8 Април, Денот за Ромите, тоа е добро; во однос на реализацијата на месец мај-Одбележување годишнина од Разловечкото востание, да внимаваат во Општината оваа година да не го промашат датумот за одбележување на денот на Разловечкото востание, тој е 20 мај, а не 25 мај, како што беше претходната година и прашањето ми се однесува на активностите во месец септември, конкретно за манифестацијата „Ден на пијанечката слива“, минатата година исто имамвме план, мерки, финансии и активности, но манифестацијата не се одржа. Прашањето е дали се планира оваа година да се одржи манифестацијата?

Новоселски, истакна дека при реализацијата на Програмата постојат и ризици, дали финансиски или други, а и оваа година во Програмата што ќе се донесе се планира активноста „Сливијада“.

Иван Гоцевски, Програмата е иста од лани, барем во тој дел и одржувањето на оваа манифестација чини 13.000 денари. Добро е да се одржува оваа манифестација затоа што минатата година беше плодна година и беше соодветно да се одржи.

Новоселски одговори, причината за неинтересот кај учесниците во манифестацијата е нискиот фонд на награди, за да се привлечат производителите за да варат ракија, компоти и сл. Тоа ќе го имаме предвид.

Кире Тренчевски, постави прашање: дали во 2025 година ќе продолжи практиката советниците да не се канат на настани од културата и во буџетот средствата што се предвидени за свежо цвеќе од 30.000 ден тука се вметнати и парите за свежо цвеќе за советниците. Во 2024 година имаше некоја забрана за советниците да им се купува свежо цвеќе.

Ванчо Новоселски, истакна дека нема никаква забрана за советниците да бидат поканети, секогаш се канат на настани, но вие не сте присутни на настаните и секогаш јас сум тој што полага цвеќе наместо вас. Јас не навлегувам во причините Совет-градоначалник од она што

Кире Тренчевски рече дека секогаш советниците присуствуваа на настани кога имале покани. Во последните 5-6 месеци од 2024 година советниците не добиваат покани.

Гоце Попов, факт е дека на еден настан на кој присуствувавме немаше обезбедено свежо цвеќе со образложение дека градоначалникот рекол за Советот да нема цвеќе. Но, тоа не е проблем, ние ќе одвоиме од нашите паушали и ќе присуствуваме на настанот и ние ќе купиме свежо цвеќе. Што не е добро, бидејќи ние ги одобруваме финансиските средства, а вие како администрација не можете да бидете слепи послушници. Ако се гледа дека се оди во грешна насока, треба да се каже дека, сепак, станува збор за Совет на Општина и заслужува да има ист третман.Тие се двата највиски органи.

Новоселски истакна дека општинската админситрација ќе биде најсреќна ако се испеглаат односите меѓу советот и градоначалникот за да не страда општинската администрација.

Претседателот Попов, праша дали има некој друг да се јави за збор, бидејќи немаше за збор ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.

Советот на Општина Делчево ја донесе Програмата за култура, со **8 гласа ЗА и 7 ВОЗДРЖАНИ.**

**Точка број три: Предлог-програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2025 г.**

Образлагач по точката беше Звонко Атанасов, раководител на Сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР. Тој рече дека Програмата за уредување градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2025 година претставува основа по која ќе се врши уредувањето на градежното земјиште во Општината во тековната година. Во оваа Програма се опфатени активностите преку кои ќе се овозможи реализација на утврдените градежни парцели согласно со планската документација и искористување на потенцијалот на Општината во делот на инвестиции во недвижности и градење, преку што се овозможува и развој на Општината. Реализацијата на оваа Програма ќе донесе системско и планско решавање на актуелните проблеми во патната инфраструктура и уредувањето на градежното земјиште во Општина Делчево, а со тоа и одговор на барањата на жителите (жени и мажи) во Општина Делчево. Атанасов посочи дека Програмата е изработена согласно со насоките од ДЗР, внесени се и општи податоци, внесена е родовата еднаквост. Ставена е анализа на состојбата, планирани проекти, буџетот за финансирање е направен врз основа на искуството и проектираните проекти.

Претседателот Гоце Попов, отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски, тој рече дека ако се погледнете делот за Голак, во табела 3, должина на разводната мрежа е 1,50 км и во Програмата никаде не е предвидено да се реализира водоводната мрежа на Голак.

Звонко Атанасов рече има предвидено во Програмата за 2025 г. и тоа во **точка ж)** каде стои дека е предвидено реконструкција и изградба на мрежа за водоснабдување и поставување урбана опрема. Таму е во завршна фаза проектирањето на водоводната мрежа.

Иван Гоцевски вели деке има штура информација во Програмата, нема ни со што ќе се врши ни како ќе се реализира. Ние знаеме дека во Програмата на лицето Горан Трајковски имаше дека ќе се реши проблемот со водоснабдувањето на Голак, таа е последна година од неговиот мандат и да видиме, како што ветуваше во кампањата, дали ќе биде реализирана. Со таква информација во Програмата, не сум сигурен дека ќе се реализира.

Атанасов рече дека проектот за техничка документација за изградба на водоснабдителен систем на Голак, се води преку ИПР, но бидејќи се прави инфраструктурниот проект за водоводни мрежи, сакавме побрзо да се заврши, оди линијата низ шуми, треба согласности и очекуваме во најбрзо време да ја добиеме проектната документација и да добиеме конкретен буџет, за да може да се проектираат основните мрежи и да се стави во функција.

Советничката Маја Алексова праша што се планира за реализација во наслебата Ѕвегорска река.

Атанасов одговори дека ставена е во програмата и разговарано е ако има некоја слободна улица која може да се реализира, каде нема дивоградби, таму има проблем со дивоградбите кои ги затвораат улиците, Тоа прашање е поставувано уште пред 15 години, баравме да се срушат дивоградбите, но не се срушија, не ги рушеа ниту градоначалниците и таму е сериозен проблем со дивоградбите. Ги анализиравме и засега за само две мали училички ќе може да се издаде одобрение за градба и за ниту една друга. Сите се зафатени со дивоградби. Решение за овој проблем -ние пробавме многу начини, но додека градоначалниците не ги срушат дивоградбите или сопствениците сами да ги срушат дивоградбите, не може да се издаде одобрение за градба и да се изградат улици во населбата.

Гоце Попов му постави прашање на Ѕвонко Атанасов, за објектот што се гради на Голак.

Ѕвонко Атанасов рече дека нема да одговори, има писмен допис за ова прашање и ќе ви одговори.

Тони Стаменковски праша за Ѕвегорска Река дали се има организирано средба со граѓани, за да им се објасни на луѓето, бидејќи има многу реакции и дали граѓаните секогаш треба да собираат потписи, за да можат да дојдат кај вас? Дали може да се организира средба со граѓаните и да им се објасни што можат, а што не. Дали да собираат потписи по примерот на с. Ѕвегор?

Атанасов, ние сме на располагање ќе оствариме средба и досега сме разговарале со жителите на населбата.

Сунчица праша за делот од Програмата каде е предвидено проширување на мостот Габровчица.

Звонко Атанасов одговори дека се мисли на проширување на мостот на р. Габровчица, да се срушат постоечките тротоари и да се подобри сообраќајот и безбеноиста.

Сунчица Ѓорѓиева рече дека е ова добар проект.

Оливера Ташевска посочи дека во с. Разловци пследниве години има повеќе прекини со водоснабдувањето, а не е ставена во Програмата реконструкцијата на водоводната мрежа во селото, односно појачување на дотокот на водата. Зошто не е ставено, како проект?

Марио Скакарски- проблемот со водоснабдувањето на с. Разловци беше во Програмата на ЈКП „Брегалница“

Звонко Атанасов, рече дека ова го води ЈКП „Бреганица“, ќе направиме консултација со нив, но ќе го ставиме во Програмата како дополнителна точка, ќе направиме средби со жителите и ако излезе некој повик ќе можеме да аплицираме и може да се реализира.

Претседателот Гоце Попов даде предлог да се дополни Програмата во точка м) Локалитети вонградежен реон и селски населби да се додаде реконструкција на селскиот водовод во с. Разловци.

Потоа за збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека во недостиг на конкретни проекти за Ѕвегорска Река е ставено уличното осветлување коешто е лошо насекаде, не само во населбата Ѕвегорска река, туку и на бул „Македонија“, Стар Монопол, Расадник, Милково Брдо, Први, Втори и Трети реон, селата се во тотален мрак и втората констатација е дека во сите тие населени места имате во Програмата изградба на улици, јас тврдам дека ќе ги направите само улиците кои ќе се поддржат од Владата: улиците во Ново Делчево, улицата „Вељко Влаховиќ“ и ул „Гоце Делчев“. Не е коректно да се залажува јавноста дека во населените места во Делчево ќе се направат улиците.

Звонко Атанасов рече дека не се согласува со советникот. За реконструкција на ул „Гоце Делчев“ , „Вељко Влаховиќ“ и улиците во Ново Делчево веќе се склучени договорите со фирмите изведувачи.

Иван Гоцевски повторно истакна дека ќе се реализираат само улиците кои се финансирани од Владатат, но кои други улици ќе се реконструираат со средства од Општината. Ставени се во Програмата 200 улици за реализација. Убаво е да се каже кои улици ќе се направат, а ние ја гласаме Програмата и на крајот ништо не се направи?

Звонко Атанасов одговори дека преку повикот на Владата имаме обзебедено средства 850.000 евра. Ние имаме тековен тендер за општински улици, сè уште не е исцрпен, планирани се средства во Буџетот. Но, колку има пари, толку ќе се реализира.

Гоце Попов истакна дека Програмата треба да биде поеластична и поширока, за да се направат проекти, ќе има нов повик за да може да се аплицира, може да стигнат средства.

За збор се јави и Сашко Ивановски кој рече дека не знае дали е опфатено со оваа Програма, но пешачката патека Делчево-Ѕвегор повеќе од 3 години нема јавно осветлување.

Звонко Атанасов одговори дека е ставено одржувањето на уличното осветлување во Програмата, планирано е поставување нови мрежи, имаме нарачано нови мрежи. Веќе е порачан проект за осветлување на улицата од градинката до новиот пазар и улицата под бул „Македонија“.

Сашко Ивановски една констатација –има 100 активности предвидено во Програмата за кои ќе треба месеци да се реализираат. Програмата е преамбициозна, не треба да е толку обемна, туку поконкретна.

Сунчица посочи дека бул „Македонија“ е во тотален мрак, веќе 4 месеци, а тука е и Здравствениот дом и возачите се збунети, пешаците има проблеми во сообраќајот.

По оваа дискусија, откако никој не се јави за збор, претседателот ја затвори расправата и ја стави точката на гласање.

Советот на Општина Делчево ја усвои Годишната програма за уредување градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2025 година, ЕДНОГЛАСНО, со **15 гласа ЗА.**

**Точка број четири: Предлог-годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Делчево за 2025 г.**

Образлагач и по оваа точка беше Звонко Атанасов кој рече дека Програмата е усогласена согласно со насоките и тука се внесени планираните проекти, улици за реконструкција.

Гоце Попов истакна дека ќе даде предлог да се додаде член во самата Програма со кој ќе се задолжи Одделението за урбанизам да достави во рок од 30 дена, Извештај за реализација од претходната година и да биде практика за секоја година да се поднесува извештај за да се знае колку е реализирано и колку се планира да се реализира, за да биде потранспарентно.

Претседателот Попов даде 5- минутна пауза.

По паузата, претседателот истакна дека е завршена расправата по точка број 4, и го даде предлогот Програмата да се дополни со еден член-се обврзува Одделението за

урбанизам до Советот да достави во рок од 30 дена извештај за реализација од претходната Програма за 2024 година. За да се има увид што е реализирано

Предлогот беше ставен на гласање.

Предлогот е влезен во Програмата.

Вака изменетата Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Делчево за 2025 г. беше ставена на гласање. Советот ја донесе Програмата за која гласаа сите 15 советници.

**Точка пет: Предлог-годишна програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 година.**

Образлагач по точката беше Горан Петровски, советник за урбанизам и енергетска ефикасност. Тој во своето образложение истакна дека согласно со Законот за урбанистичко планирање, обврска е до крајот на јануари 2025 година да се донесе Програмата за урбанистичко планирање со предвидените урбанистички проекти и планови каде се внесени сите тековни планови кои се водат и по неколку години од најразлични причини. Застанати се делумно кај Министерство, делумно во други фази на постапките, а делот во Програмата за урбанистички проекти, сите во основа се приватно финансирани. Најмногу се урбанистички проекти и планови за фотоволтаици и за други проекти. На почетокот Петровски посочи за урбанистичките планови за град Делчево без да дава стручен опис, туку како насока, каде се наоѓаат тие планови со цел да се запознаат советниците.

За ГУП на Делчево е остварена средба пред еден месец и документот добива на динамика. Има некои промени и Петровски се надева дека ќе продолжи донесувањето на ГУП за Делчево. Планот е финансиран со средства од Владата на РСМ. Петровски ги посочи сите урбанистички планови содржани во Програмата и даде објаснување до каде е постапката.

ДУП –Лесна Индустрија и сервиси на мв Стар монопол; ДУП за урбана единица 2 дел од блок 2,7 Централно градско подрачје, ДУП за Модул М-2 дел од населба Пролет 1, урбана единица 1 блок 1,4; Урбанистички план вон населено место за придружни и услужни објекти на магистрален пат М5 Делчево-Македонска Каменица; Измена и дополнување на ДУП за Урбанистички план УЕ 3 дел од Блок 3,6 што е општинска инвестиција; Изработка на ДУП-Сервисна зона (Исток), УЕ 3 дел Блок 3.1 и зависи од претходните мислења; ДУП за индустриска зона УЕ 1 дел од блок 1,2 локалитет Север 1-тој е во прекин; Измена и дополнување на ДУП за УЕ 2, дел од Блок 2.2 Кожара кој не помина на Советот, приватна инвестиција е и е по жалба; ДУП за УЕ 3 дел од Блок 3,6 Стара касарна-идејата на Општина Делчево е за дом за стари лица. Сите тие се тековни планови.

Петровски во делот од Програмата за Урбанистички прокети, посочи дека сите се приватни инвестиции и се во тек и во разни фази од постапката.

Претседателот Попов отвори расправа.

Гоце Попов-постави прашање за точка 8. ДУП за Индустриска зона, УЕ1 дел од блок 1.2 локалитет Север, кој е во прекин. Дали знаете зошто е во прекин и од кога?

Горан Петровски одговори, дека мора да провери, но знае дека имало неколку судски спорови и дополнително ќе одговори на ова прашање.

Бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа ЗА и 1 ВОЗДРЖАН, Советот на Општина Делчево ја донесе Годишната програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 година.

**Точка број шест: Предлог –одлука за усвојување на Елаборатот за определување граници на заштитни зони на извориште-зафат на вода од акумулација „Лошана за водоснабдување.**

Образлагач по точката беше Татјана Стојковска, виш соработник за заштита на животната средина и комуналната инфраструктура. Таа истакна дека согласно со Законот за

води, секоја општина е потребно да определи заштитни зони околу водните тела од каде се користи вода за пиење. За таа цел во 2024 година согласно со Одлуката на Советот кој донесе Одлука за утврдување на потребата за изготвување елаборат, каде се определуваат заштитни зони околу водните тела, оваа година од страна на Градежниот институт „Македонија“ и Институтот за јавно здравје, е изготвен Елаборат кој е доставен до советниците како линк на е-маил, за да се разгледа и согласно со овој Елаборат е потребно да се донесе одлука за усвојување на Елаборатот за определување граници на заштитни зони на извориште-зафат на вода од акумулацијата „Лошана“ за водоснабдување на Општина Делчево. Во Одлуката се наведени неколку членови со кои се определуваат мерките и ограничувањата во овие заштитни зони кои ги има во Елаборатот кој е изработен од ГИ „Македонија“ со тх.бр. ГТ-07/02/2024 од февруари 2024 г. Согласно со член 2 се утврдуваат три заштитни зони: Прва или потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор); Втора или широка заштитна зона (зона на санитарно ограничување); Трета или поширока заштитна зона (зона на хигиенско-епидемиолошко следење и набљудување). Сите три зони треба да се внесени во Просторниот план, урбаниситчките планови и геодетско-катастарската евиденција. Оваа Одлука треба да биде основен документ за примена на одредбите од Законот за санитарна здравствена инспекција при донесување решенија за согласности на овие локации. Со Одлуката за задолжува ЈКП „Брегалница“, како правен субјект кој стопанисува со колекторскиот систем, да врши контрола и приклучување на објектите предвидени во Урбанистичкиот план во канализациската мрежа пред нивно пуштање во употреба.

Претседателот отвори расправа по Предлог-одлуката. Откако никој не се јави за збор, ја стави точката на гласање.

Со 15 гласа ЗА, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката усвојување на Елаборатот за определување граници на заштитни зони на извориште-зафат на вода од акумулација „Лошана“ за водоснабдување.

.

**Точка број седум: Предлог-одлука за усвојување на Елаборатот за определување граници на заштитни зони на бунарите во Делчево и с. Тработивиште за водоснабдување во Општина Делчево.**

И по оваа точка образлагач беше Татјана Стојковска. Елаборатот и за оваа Одлука советниците го имаат добиено по е-маил.

Претседателот отвори расправа по Предлог-одлуката. Бидејќи никој не се јави за збор ја стави точката на гласање.

Советот на Општина Делчево ЕДНОГЛАСНО ја донесе Одлуката за усвојување на Елаборатот за определување граници на заштитни зони на бунарите во Делчево и с. Тработивиште за водоснабдување во Општина Делчево.

**Точка број осум: Предлог-одлука за отпис на движни ствари сопственост на Општина Делчево**

Образлагач по точката беше Влатко Ангеловски, соработник за имот на Општина Делчево. Тој рече дека со оваа Одлука, Општина Делчево планира да отпише движни ствари сопственост на Општината. Како што стои во Предлог-одлуката, Општината изврши замена на застарената и енергетски неефикасна столарија со нова. Согласно со годишниот попис на основните средства и ситен инвертар, Општината планира да изврши отпис од книговодствена евиденција на: 4 фиксни телефони, еден принтер, еден скенер „Канон“, еден фрижидер „Телефункен“, поради дотраеност и неупотребливост.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Сашко Ивановски кој нагласи дека со член 1 се отпишуваат од книговодствената евиденција движни ствари : 1.190 килограми алуминиумски оштетени прозорци, па праша: Што значи тоа, дека ќе се ставени некаде и после што со нив?

Ангеловски одговори дека тие се депонирани на м.в „Пумпите" во ЈКП „Брегалница" Делчево и ќе треба да се дислоцираат во отпад, бидејќи се мешани со стакло.

Сашко Ивановскои посочи дека тие, сепак, имаат вредност. Нешто што има пазарна вредност не можеме да го тргнеме и да го однесеме на некое место и да остане таму. При претходните постапки се формираше комисија која врши проценка на вредноста и потоа се даваше на продажба.

Тони Стаменковски рече дека цената на алуминиумот е 75 ден. од килограм и пресметано со 1190 кг, значи вредноста е огромна.

Ангеловски истакна дека не станува збор само за алуминиум, туку има и стакло. Треба да се тргне стаклото и да се измери потоа.

Сашко Ивановски дополни дека кога се продавал таков имот во училиштето беа даде на цркви, манастири на здруженије со цел да се стават во употреба, бидејќи добар дел од нив може да се користи и има употребна вредност.

Гоце Попов, искажа мислење дека стаклото не може да се користи, но профилот може да се прекројува. Станува збор за големи отвори, кои може да се кројат, сепак има употребна вредност, на нас е како ќе го дефинираме.

Гоце Попов даде предлог: членот 1 да се тргне од оваа Одлука, да останат другите членови. Општинската администрација да формира Комисија и да направат проценка за отуѓување.

Кире Тренчевски се јави за збор и тој посочи дека при формирањето на комисијата да се стават и двајца членови од Советот.

Претседателот Попов го констатира предлогот од советниците: Членот 1 да се тргне од оваа одлука, бидејќи се работи за прозори кои содржат алуминиум и друг метал кој има вредност, да се состави комисија која ќе направи проценка, во комисијата да има минимум двајца членови на Советот. По извршената проценка, предметите ќе бидат дадени на продажба и Советот ќе донесе дополнителна одлука за нив.

Предлогот беше ставен на гласање.

Предлогот е влезен во оваа Одлука.

Изменетата Одлука беше ставена на гласање.

Советот на Општина Делчево ЕДНОГЛАСНО ја донесе Одлуката за отпис на движни ствари сопственост на Општина Делчево

**Точка број девет: Предлог- одлука за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на Општина Делчево за 2025 година.**

Образлагач беше Ана Ситновска-Димитровска, раководител на Одделение за буџет, администрирање даноци и сметководство. Таа рече дека врз основа на членот 26 став 6 од Законот за експропријација, потребно е да се изврши резервирање на средствата за надомест

за одземен имот во Буџетот на Општина Делчево за 2025 година, односно да се донесе таква Одлука.

Претседателот Гоце Попов отвори расправа.

Иван Гоцевски, постави прашање, за што се однесува конкретно, за кој одземен имот, зошто се итни и како е определена вредноста,

Ана Ситновска-Димитровска одговори дека ова не е итна одлука, ова е законска обврска на Општината согласно со член 26 став 6 од Законот. Обврска на Советот е да донесе таква одлука. Вредноста е определена според проценките што ги врши Одделението, со прокнижена вредност врз основа на записник.

Има ли конкретен имот  кој треба да се одземе, запраша советникот Иван Гоцевски.

Образлагачот одговори дека тоа е веќе завршена експропријација и планирана што ќе се врши во текот на 2025 г.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, одлуката беше ставена на гласање.

Советот на Општина Делчево со 8 гласа ЗА и 7 ВОЗДРЖАНИ ја донесе Одлуката за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на Општина Делчево за 2025 година.

**Точка број десет: Извештај за реализирани активности на ЈЛБ „Илиднен“ за 2024 година со Заклучок за усвојување.**

Образлагач по точката беше Билјана Петровска, директорка на ЈЛБ „Илинден“. Таа истакна дека програмските активности на ЈЛБ„Илинден“ се дефинираат според законските прописи и планови за работа и развој на современото библиотечно работење во Македонија, како и според плановите за развој на културата на локално ниво. Дејноста на библиотеката се темели на Законот за култура и Законот за библиотеки. Извештајот е Согласно со член 11 став 9 од Статутот на ЈЛБ „Илинден“-Делчево. 2024 г. библиотеката реализираше 57 активности, дел директно поврзани со книгата и читањето, дел како слободни активности со цел децата да дојдат во библиотеката, затоа што навиката за посета на библиотеката и читањето се создава од најмала возраст. Библиотеката соработувала со повеќе институции, сепак, најзастапени биле образовните. Таа посочи дека и оваа година ќе се продолжи со активности и настани, ќе се одбележуваат значајни настани и важни датуми, ќе се промовира книгата и читањето и преку креативност, забава, игра да се мотивираат децата од најмала возраст да доаѓаат во библиотеката. Во зависност од условите и финансиите ќе се реализираат и активностите, заклучи Петровска.

Претседателот отвори расправа по Извештајот

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Советот на Општина Делчево ЕДНОГЛАСНО го усвои Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализирани активности на ЈЛБ „Илиднен“ за 2024 година.

**Точка број единаесет: Предлог-годишна програма на ЈЛБ „Илинден“за 2025**

Образлагач и по оваа точка беше директорката Билјана Петровска. Таа посочи дека Програмата за работа на ЈЛБ„Илинден“- Делчево е законска обврска согласно член 12 став 3 и 4 од Законот за библиотекии член 11 став 3 од Статутот на ЈЛБ„Илинден“-Делчево. Програмата за работа на ЈЛБ„Илинден“-Делчево за 2025 година е стратегиски документ од областа на културата. ЈЛБ„Илинден“-Делчево 2024 година ја завршува со 489 членови, а за набавка на книги се потрошени 64.907,00 денари. Завршно со 15 декември 2024 г. ЈЛБ „Илинден“, во COBISS системот има внесено 45 530 наслови. Во 2025 година ЈЛБ „Илинден“ од севкупниот буџет за книги има планирано 35 000,00 денари. Во 2025 година на библиотеката и се одобрени 7.986.438,00 мкд. денари утврдени според Методологијата на Министерството за култура, од кои за бруто- плати отпаѓаат 7.710.000,00 денари. За останати трошици 276.438,00 ден, или по 23.036,00 денари месечно што повторно е многу малку за нормално функционирање на библиотеката, но за разлика од лани, поделено по месеци, финансиите се поголеми за околу 10.000, 00 ден, образложи Петровска.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање.

Советот на Општина Делчево ЕДНОГЛАСНО го усвои Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на ЈЛБ „Илинден“ за 2025.

**Точка број дванаесет: Предлог-одлука за давање согласност на Ценовникот за користење на спортската сала во СОУ „М.М.Брицо“.**

Образлагач по точката беше Весна Димитровска, професорка во СОУ „М.М.Брицо“. Таа посочи дека врз основа на член 111 од Статутот на СОУ „М.М.Брицо“, УО на училиштето, на 29.09.2022 година го донел Ценовникот во кој е дефинирано за користење на училишната спортска сала заинтересираните корисници да плаќаат надоместок:

-Спортски здруженија и клубови од општината: 600 денари за 1ч и 30 мин;
-спортски здруженија и клубови надвор од општината: 1.200 денари за 90 мин.
-рекреативни групи 1.200 ден за 90 мин.
Исто така, Димитровска истакна дека за користење на спортската сала за натпревари без публика, цената е 1.000 дена, а со публика 2.000 ден.; првенствен официјален натпревар е 3.000 ден, дефинирани се цени и за турнири, додека натпреварите организирани од Сојузот на училишни спортови ќе бидат ослободени од плаќање. Средствата ќе се уплаќаат на посебна жиро-сметка на училиштето, а користењето на спортската сала со дефинирање на термините ќе се оствари преку претходно склучување договори со училиштето. Заинтересираните корисници, спортската сала ќе ја користат по завршување на редовната настава и во неработните денови, од 16-22 ч. Спортската сала е максимално искористена, но околу одржувањето и околу склучувањето на договорите, димитровска рече дека се јавуваат некои проблематични ситуации. Доколку се заинтересирани советниците може дополнително да се достави информација како се движи плаќањето.
Претседателот Гоце Попов отвори расправа.
За збор се јави Иван Гоцевски кој побара информација околу наплатените средства за претходната година и дали и кој има долг кон училиштето. Може и писмен одговор да ни

дадете, рече Гоцевски и додаде сугестија за да се обнови дел од инвентарот во салата, посебно за мрежите на кошевите и головите.
Бидејќи никој друг не се јави за збор, точката беше ставена на гласање.
Советот на Општина Делчево ЕДНОГЛАСНО ја усвои Одлуката за давање согласност на Ценовникот за користење на спортската сала во СОУ „М.М.Брицо“.

**Точка број тринаесет: Предлог-одлука за давање согласност на Правилникот за користење на спортската сала во ООУ „Ванчо Прке“.**

Образлагач по точката беше Маријана Стоименовска, заменик-директор на ООУ „Ванчо Прке“. Таа истакна дека е донесена одлука на УО, а со корисниците на салата се склучува договор. Во Правилникот е пропишана и цената за користење на салата од страна на спортските клубови и здруженија, а средствата остварени од салата се користат строго наменски за потребите на училиштето, за подобрување на воспитно-образовниот процес, за надгледни средства и сл. Еден час чини 250 денари. Одржувањето на салата го врши помошно-техничкиот персонал. Салата е реновирана, има услови и нема некои поголеми проблеми.
Претседателот отвори расправа по точката.
Бидејќи никој не побара збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.
Советот на Општина Делчево ЕДНОГЛАСНО, со 15 гласа ЗА ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за користење на спортската сала во ООУ „Ванчо Прке**“.**

**Точка број четиринаесет: Мислење за Програмата за изведување еднодневна екскурзија низ РСМ за учениците од III одд. во ООУ „Ванчо Прке“за 2024/25.**

Образлагач по точките беше Маријана Стоименовска, заменик-директор на училиштето. Таа рече дека Програмата е направена согласно важечките законски одредби и Годишната програма за работа на училиштето. За екскурзијата за трето одделение е вклучен стручниот тим соодветните одделенски раководители и директорот на училиштето и тоа поминува низ правилата за родителски совет, како и низ училишниот одбор. Станува збор за еднодневна екскурзија, а локациите се дефинирани во Програмата.
Гоце Попов отвори расправа по точката, бидејќи никој не побара збор ја затвори расправата и точката ја стави на гласање.
Со 15 гласа ЗА, Советот на Општина Делчево донесе Мислење за Програмата за изведување еднодневна екскурзија низ РСМ за учениците од III одд. во ООУ „Ванчо Прке“за 2024/25.
**Точка број петнаесет: Мислење за Програмата за изведување дводневна екскурзија низ РСМ за учениците од VI одд во ООУ „Ванчо Прке“за 2024/25.**
Образлагач и по оваа точка беше Маријана Стоименовска. Таа истакна дека учениците од 6 одд. имаат дводневна екскурзија со едно ноќевање. Учениците посетуваат знаменитости во Скопје, каде вечерта спијат во Скопје, на враќање одмораат на Велешкото Езеро, по што се враќаат во Делчево во вечерните часови.
Попов отвори расправа по точката, бидејќи никој не побара збор, точката беше ставена на гласање.

ЕДНОГЛАСНО со 14 ЗА, Советот на Општина Делчево го донесе Мислењето за Програмата за изведување дводневна екскурзија низ РСМ за учениците од VI одд во ООУ „Ванчо Прке“за 2024/25.

**Точка број шеснаесет: Мислење за Програмата за изведување тридневна екскурзија низ РСМ за учениците од IX одд. во ООУ „Ванчо Прке' за 2024/25**

Образлагач и по оваа точка беше Маријана Стоименовска. Таа рече дека деветоодделенците имаат тридневна екскурзија со две ноќевања во хотел во Охрид. Заеднички се бираат локациите со Советот на родители.

Претседателот Гоце Попов отвори расправа по точката.

Бидејќи никој друг не побара збор, точката се стави на гласање.

ЕДНОГЛАСНО со 14 гласа ЗА Советот на Општина Делчево донесе Мислењето за Програмата за изведување тридневна екскурзија низ РСМ за учениците од IX одд. во ООУ „Ванчо Прке' за 2024/25

**Точка број седумнаесет: Мислење за Програмата за изведување еднодневна екскурзија низ РСМ за учениците од III одд. во ООУ „Св.Климент Охридски“за 2024/25.**

Образлагач по точката беше Маријана Димитровска-Гоцевска, вработена во ООУ „Св.Климент Охридски“. Таа нагласи дека според Правилникот за начинот на изведување екскурзии, излети и другите вонучилишни активности, а согласно со Програмата за трето одд. содржи опис на активности, посета на национални и културно-историски локалитети. Цели на екскурзијата се продлабочување на знаењата на учениците, развивање позитивен однос кон културното наследство на нашата држава, запознавање со историското минато на Македонија, запознавање со природните убавини, развивање чувство за патриотизам, воспоставување непосредни односи меѓу учениците, подобро запознавање, поттикнување на другарување, подобрување на комуникациските вештини и др.  Релацијата е до Скопје,планирана е посета на Скупи, Скопско кале, посета на црквата „Свети спас“, Стара чаршија,, спомен-куќата на Мајка Тереза, Музејот на макеоднската борба, Природо-научен музеј, посета на аеродромот во Скопје, а се планира пристигнување во Делчево во попладневните часови во 19 ч.

Претседателот Гоце Попов отвори расправа.

Бидејќи никој не побара збор, точката беше ставен на гласање.

ЕДНОГЛАСНО со 13 гласа ЗА, Советот на Општина Делчево донесе Мислење за Програмата за изведување еднодневна екскурзија низ РСМ за учениците од III одд. во ООУ „Св.Климент Охридски“за 2024/25..

**Точка број осумнаесет**: **Мислење за Програмата за изведување дводневна екскурзија низ РСМ за учениците од VI одд во ООУ „Св. Климент Охридски“за 2024/25.**

Образлагач по точката беше Маријана Димитровска-Гоцевска. За дводневната ексурзија се планира посета на археолошкиот локалитет Стоби и ТЕЦ „Тиквеш“, Прошетка по брегот на Дојранското Езеро, патување за Струмица и сместување во хотел за Струмица. Вториот ден се планира посета на Колешински водопади, посета на „Св.Леонтиј“ во Видоча, потоа патување за Берово и посета на манастирот „Св.Архангел Михаил“ и присутигнување во Делчево во 20ч.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање.

Со 15 глас ЗА, Советот на Општина Делчево донесе Мислење за Програмата за изведување дводневна екскурзија низ РСМ за учениците од VI одд во ООУ „Св. Климент Охридски“за 2024/25..

**Точка број деветнаесет: Мислење за Програмата за изведување тридневна екскурзија низ РСМ за учениците од IX одд. во ООУ „Св.Климент Охридски“ за 2024/25**

Образлагач по точката беше Маријана Димитровска-Гоцевска. Таа ја презентираше планираната тридневна екскурзија во рамките на која е планирано да се посетат Природо-научен музеј во Скопје, изворот на река Вардар, Вруток, ХЕЦ „Шпиље“ и Глобочица; посета на манастирот „Св.Јован Бигорски“, Дебар и Вевчанските извори, а сместувањето ќе е во Охрид во вечерните часови. Вториот ден планирана е посета на знаменитости во Охрид, а третиот ден ќе се посети Крушево, Битола, локалитетот Хераклеа, а вечерните часови се пристигнува во Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не побара збор, точката ја стави на гласање.

ЕДНОГЛАСНО со 15 гласа ЗА, Советот на Општина Делчево донесе Мислење за Програмата за изведување тридневна екскурзија низ РСМ за учениците од IX одд. во ООУ „Св.Климент Охридски“ за 2024/25

**Точка број дваесет: Полугодишен извештај за учебната 2024/25 година на ООУ „Св.Климент Охридски“ со Заклучок за усвојување.**

Претседателот Гоце Попов отвори расправа по Извештајот, бидејќи никој не побара збор, точката ја стави на гласање.

ЕДНОГЛАСНО, Советот на Општина Делчево го усвои Заклучокот за усвојување на Полугодишниот извештај за учебната 2024/25 година на ООУ „Св.Климент Охридски“.

**Точка број дваесет и еден: Предлог-годишна програма за млади за 2025 година на Општина Делчево**

Образлагач на точката беше Милена Багевска, службеник за млади на Општина Делчево. Таа рече дека Програма која ги дефинира планираните активности на Локалниот младински совет на Општина Делчево. Областите кои се претставени како приоритети за решавање се добиени преку формални и неформални состаноци. Локалниот младински совет се состои од пет члена избрани по пат на доставени апликации на јавен повик за предлагање на кандидатите за избор на членови на ЛМС на Општина Делчево. Одлуката за верификација на мандатите на членовите на ЛМС е донесена од страна на Советот 31.01.2024, број 09-210/1. Мандатот на членовите на актуелниот младински совет на општина Делчево трае две години (2024 и 2025 година), со право на уште еден избор. Во фокусот на Програмата се наведените стратешки области во рамките на следните планирани активности за 2025 година:

-Јакнење на капацитетите на Советот на млади

- Афирмација и унапредување на видливоста на ЛМС

-Образование и вработување

-Животна средина

-Спорт и култура

- Хуманитарна дејност

Претседателот Гоце Попов отвори расправа. Бидејќи никој не побара збор, расправата беше затворена и точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа ЗА, Советот на Општина Делчево да донесе Програмата за млади на Општина Делчево за 2025.

**Точка број дваесет и два: Предлог-одлука за отстапување на користење простор за формирање Младински центар во Општина Делчево.**

Образлагач и по оваа точка беше Милена Багевска. Таа посочи дека со оваа Одлука Општина Делчево отстапува на користење просторија бр.1. К1 во површина од 34,11 м2 лоциран во Спомен- дом АСНОМ запишана во Имотен лист 10444, КП6683 сопственост на Општина Делчево за потребите на Младинскиот центар. Просторијата што е предмет на оваа Одлука, се отстапува на користење за период од три години. Младинскиот центар е место каде ќе се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобрат благосостојбата на младите, личниот интерес, нивниот социјален и професионален живот. Надоместоците на режиските трошоци (струја, вода, греење и комунална хигиена) и интернет за функционирање на Младинскиот центар, се на товар на Општина Делчево. Општина Делчево ќе распише јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи и управува со Младинскиот центар. Младинските организации или организациите за млади кои ќе аплицираат за управување и раководење на Младинскиот центар се должни да поднесат:

- Годишна програма за работа
- Годишен буџет за спроведување на предложената програма
- Портфолио на организацијата.

Општина Делчево ќе обезбеди дел од потребните средства за реализација на поднесената Програма, а останатите средства ќе ги обезбедува избраната организација. По истекот на календарската година, младинската организација е должна да достави до Советот на Општина Делчево извештај за реализирана програма, како и програма за наредната година.

Претседателот отвори расправа по точката.

Кире Тренчевски побара појаснување каде се наоѓа просторијата.

Милена одговори дека е на горниот кат на домот АСНОМ.

Бидејќи никој не побара збор точката беше ставена на гласање.

ЕДНОГЛАСНО со 15 гласа ЗА беше донесена Одлуката за отстапување на користење простор за формирање Младински центар во Општина Делчево.

**Точка број дваесет и три: Предлог-одлука за финансиска помош по Барање бр. 21-96/1 од 15.01.2025**

Образложение по точката даде претседателот Попов кој рече дека станува збор за наш сограѓанин кој има здравствени проблеми, има комплетна документација со отпусно писмо и

со тешка дијагноза. Му предлагам на Советот да одвоиме 30.000 денари, за да ја подобриме финансиска состојба на барателот.

Отвори расправа по точката. Бидејќи никој не побара збор, точката ја стави на гласање.

ЕДНОГЛАСНО со 15 гласа ЗА, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиска помош по Барање бр. 21-96/1 од 15.01.2025.

**Точка број дваесет и четири: Предлог-одлука за финансиска помош по Барање бр. 21-55/1 од 10.01.2025 год.**

Образложение по точката даде претседателот Попов. Тој посочи дека е поднесено Барање од наш сограѓанин и се работи повторно за тешка здравствена состојба и предлагам да издвоиме 30.000 денари, за да ја подобриме финансиската состојба на нашиот сограѓанин и да им помогнеме во лошата сотуација.

Отворена беше расправа во врска со оваа точка. Бидејќи никој не побара збор, точката беше ставена на гласање.

ЕДНОГЛАСНО, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за финансиска помош по Барање бр. 21-96/1 од 15.01.2025.

**Точка број дваесет и пет: Предлог –одлука за одобрување финансиски средства по Барање бр. 21-152/1 од 21.01.2025 г**.

Образложение по точката даде претседателот Попов. Се работи за Барање доставено до Советот од Црквата „Св.Кирил и Методиј"од Делчево, се бара финансиска помош за санација на кровната конструкција на црквата, каде се работело на лимарски работи на кровната конструкција. Средствата во износ од 60.000 денари кои ги одобрува Советот по ова Барање да се исплатат на име на Оливер Даневски од Делчево на негова жиро-сметка посочена во Барањето, лице кое било задолжено за санација на кровната конструкција.

Претседателот отвори расправа по точката. Бидејќи никој не се јави за збор, точката беше ставена на гласање.

Со 15 гласа ЗА беше донесена Одлуката за одобрување финансиски средства по Барање бр. 21-152/1 од 21.01.2025 г.

**Точка број дваесет и шест: Предлог-одлука за одобрување финансиски средства по Барање бр 21-154/1 од 21.-1.2025 г.**

Образложение по точката даде претседателот Попов. Тој посочи дека се работи за наш сограѓанин кој има здравствен рпоблем, доставена е комплетна документација, му предлагам на Советот да доделиме 30.000 ден. со цел да помогнеме на нашиот сограѓанин.

Претседателот отвори расправа. Бидејќи никој не побара збор, точката беше ставена на гласање

Со 15 гласа ЗА, Советот на Општина Делчево ја донесе **Одлуката за одобрување финансиски средства по Барање бр 21-154/1 од 21.-1.2025 г.**

**Точка број дваесет и седум: Разгледување на Барањето од Месната заедница с. Селник, бр. 09-1938 од 11.12.2024г.**

Образложение даде Гоце Попов. Месната заедница од с. Селник која одржала состанок на 5.12.2024 г донела одлуки за потребите на селото кои се однесуваат на: опесочување на патот од асфалтот до школото во должина од 800 метри; одобрување на пластична цевка фи-200 , 10 броја по 6 метри; Порчистување на малските патишта и патот до црквата „Св.Петка“ со грејдер; Пробивање на патот во должина од 300 метри од караулата за Букарско Маало и граница; доделување пластично црево ¾ и 5/4 во должина од 2.000 метри за обновување на стариот селски водовод и нова линија до црквата „Св. Петка“; опесочување на патот до црквата. Попов му предложи на Советот да се донесе Заклучок со кој Барањето ќе се пренасочи кон одделенијата на Општината кои ќе изготват одговор на барањето. Заклучокот да се состои од еден член- да се препрати ова барање до надлежните одделенија и градоначалникот и секретарот на Општината и да се изнајде начин да се одговори позитивно на барањата на жителите на с. Селник

Предлогот беше ставен на гласање

**Со 15 гласа ЗА**, Советот го донесе Заклучокот по Барањето на МЗ с. Селник бр. 09-1938.

**Точка број дваесет и осум: Прашања и предлози**

Попов ги повика советниците да постават прашања и предлози, доколку ги имаат на писмено да ги достават.

Тони Стаменковски рече дека на 27 јануари има поднесено Советничко прашање до Архивата на Општина Делчево, па ги замолува службите во Општината да го достават Барање и до директорот на ЈКП „Брегалница**“.**

Иван Гоцевски даде предлог до градоначалникот и до директорот на ЈКП „Брегалница“ писмено да се достават наодите од спроведената ревизија во Општина Делчево и во ЈКП „Брегалница“ Делчево.

Претседателот Попов истакна дека до него се доставени наодите од Ревизијата во Општина Делчево и дека тој ќе им ги прати на е-маил на сите советници.

Исто така, тој посочи дека во иднина, обемните материјали до советниците да се испраќаат електронски, за да не се прави финансиски трошоци. Доколку се согласни советниците ова во иднина да се практикува. Попов смета дека треба да се размислува сите материјали да се добиваат електронски, а Општината да се обврзе на секој од советниците да купи по еден таблет за да може материјалите да стигаат на е-маил што е во интерес на сите, а доколку некој советник сака на писмено да му се доставуваат материјалите, да си поднесе барање. Тоа е предлог, можеби ќе треба да направиме некој заклучок да видиме дали има средства за тие 15 таблети, мислам дека ќе е исплатливо затоа што кога ќе се намали трошокот за печатење и копирање, ќе бидат исплатени таблетите, а на советниците ќе бидат дадени на

реверс, по овој состав на Советот, таблетите ќе ги земат другите 15 советници и, на тој начин, долгорочно ќе се реши проблемот.

Советниците го прифатија предлогот.

Со исцрпување на Дневниот ред, 43 Седница на Советот на Општина Делчево заврши во 12.10 мин.

**Записникот го водела**
**Даниела Такева**

**Совет на Општина Делчево**
**Претседател**
**Гоце Попов**